**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

## НА ПРАКТИКУМОТ СО НАСЛОВ „АНАЛИЗА НА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ - ПРАКТИКУМ" ОД АВТОРИТЕ ДОЦ. Д-Р ОЛИВЕРАЃОРГИЕВА-ТРАЈКОВСКА И М-Р БЛАГИЦА КОЛЕВА, ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" – ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип и Одлуката донесена на 76. редовна седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет, одржана на 21.3.2014 год., избрана е Рецензентска комисија во состав:

– доц. д-р Јанка Димитрова, професор на Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип и
– доц. д-р Александар Костадиновски – професор на Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.

Рецензентската комисија е формирана заради изготвување на извештај - рецензија на приложениот ракопис (скрипта) со наслов *„Анализа на финансиски извештаи - практикум"* од авторите доц. д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска и м-р Благица Колева, наменета за студентите од прв и втор циклус студии на Економски факултет на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Економски факултет го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот.** Учебното помагало - практикум „Анализа на финансиски извештаи - практикум" од доц. д-р Оливера Ѓоргиева - Трајковска и м-р Благица Колева претставува дополнување на истоимената скрипта – „Анализа на финансиски извештаи", и практично помагало на студентите кои го изучуваат предметот Анализа на финансиски извештаи. Практикумот е наменет за студентите на прв циклус студии, и тоа: втора студиска година (трети семестар) на студиските програми: Сметководство, финансии и ревизија, каде што предметот Анализа на финансиски извештаи се јавува како задолжителен (со неделен фонд на часови 3+2+2) и на насоката Финансиски менаџмент, каде што предметот е изборен (2+1+1). Истиот може да го користат и студентите од вториот циклус на студии на студиската програма Финансиско известување и ревизија, како и студентите од студиската програма МБА (3+2) кои го изучуваат предметот Анализа на финансиски извештаи.

**Податоци за обем на ракописот.** Практикумот содржи 119 страници, со доста финансиски извештаи, табели, графикони и практични примери и пресметки, кои им овозможуваат на студентите многу полесно разбирање и совладување на оваа практична проблематика. На последната страница се сместени релевантните библиографски единици кои ја третираат проблематиката на анализа на финансиските извештаи. Трудот е пишуван во А4 формат, со нормален проред, употребен е фонт Times New Roman, големината на буквите е 12. Сметаме дека обемот на трудот и неговата содржина ги задоволуваат критериумите согласно со предвидениот број на часови и одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов**. Трудот е креиран врз основа на потребата од создавање на учебно помагало – практикум, кое ќе им овозможи на студентите стекнување на умешност во „читање меѓу редови" на податоците од основните финансиски извештаи на еден деловен ентитет, со што ќе се создаде јасна слика за финансиската состојба и успешност на ентитетот. Користењето на различните методи, техники и показатели со кои се служи анализата на финансиските извештаи, илустрирани

во практикумот преку бројни практични примери, овозможува креирање на солидна основа на информации со кои се расветлуваат различните аспекти на работењето на ентитетот, кои понатаму се основа за донесување на значајни деловни одлуки. Значајно е изучувањето на оваа проблематика од страна на студентите од насоката Сметководство, финансии и ревизија, како и студентите од насоката Финансиски менаџмент, со оглед на фактот што финансиските показатели и останати резултати добиени со оваа анализа претставуваат моќно средство кое менаџментот го користи во успешното управување и водење на деловниот ентитет. Не само тие, туку и сите останати стејкхолдери (вработени, држава, широка јавност) ги користат истите како основа во донесување на рационални одлуки за алокација на капиталот.  Од оваа причина сметаме дека материјалот обработен во скриптата се одликува со голема практична значајност, како за студентите, така и за сите останати субјекти кои имаат интерес во оваа проблематика.

**Краток опис на содржината на ракописот.** Содржински, трудот е конципиран во три посебни дела, кои ги покриваат тематските единици предвидени со наставната програма. Во продолжение следи кратка презентација на одделните тематски единици.

Првиот дел – *Теоретски прашања поврзани со анализата на финансиските извештаи* содржи повеќе кратки прашања и одговори, преку кои читателот добива претстава за целокупноста на материјалот - предмет на изучување на оваа наставна дисциплина и основа за полесно разбирање и толкување на резултатите од практичните примери кои следуваат во наредните тематски делови.

Во вториот дел – *Листа на финансиски показатели најчесто користени во анализата на финансиски извештаи* се поместени на едно место формулите за пресметка на најголем дел од финансиските показатели кои компаниите ги користат во своите финансиски анализи, поделени по групи: показатели за анализа на ликвидноста на компаниите; показатели на деловната активност; показатели на финансиската структура; показатели на профитабилност (рентабилност); Du pont системот на анализа; показатели на пазарната вредност на компанијата и показателите од делот на cash flow анализата. На овој начин се овозможува пристап до една широка палета на финансиски показатели, чија практична примена следи во примерите содржани во практикумот, но и кои можат да бидат користени од страна на студентите и останатите заинтересирани субјекти во сите ситуации во кои се јавува потреба од финансиска анализа.

Третиот дел – *Практични примери за илустрација на анализата на финансиските извештаи* го претставува главниот дел од содржината на практикумот, во кој се содржани повеќе примери од практиката, преку кои на студентите им се доближува многу повеќе начинот на примена на финансиските показатели во анализа на работењето на компаниите. Преку користење на хипотетички примери, но и примери во кои се користени официјални финансиски извештаи на познати компании од македонската економија, им се дава можност на студентите за осознавање на значењето на анализата на финансиските извештаи во расветлувањето на финансиската состојба и успешност на компаниите. Преку примената на хоризонталната анализа, вертикалната анализа, тренд анализата, како и најзначајната – рацио анализа, се открива бескрајната можност која ја нуди анализата на финансиските извештаи во испитување на минатото работење на компаниите, но и креирање на основа за формулирање на нивните идни планови и стратегии. Она што посебно ги учи студентите овој практикум е како правилно да ги читаат и интерпретираат добиените финансиски показатели и како да ги искористат во донесување на правилни и ефикасни економски одлуки. Зошто токму тоа е и целта на финансиската анализа – да послужи како средство за унапредување на работењето на компаниите, врз основа на коригирање на сите негативности и пропусти во работењето и стимулирање на позитивностите. Практичната анализа на една градежна компанија и една банка, како репрезентативни компании од македонската економија, им овозможува на студентите создавање на слика за условите, ограничувањата и тешкотиите со кои се соочуваат компаниите во своето работење.

Преку ваквиот практичен начин на обработка на проблематиката на анализата на финансиските извештаи, сметаме дека е постигната главната цел на авторите – да им помогнат на студентите да ја разберат суштината, предметот на обработка и различните методи и техники кои оваа анализа ги користи, и она што е посебно важно, преку

илустративните примери содржани во практикумот, да можат практично да ја осознаат техниката на анализата на финансиските извештаи. Овој практикум, со неговите теоретски основи, најчесто користени формули и практични примери, претставува една заокружена целина на практичната примена на анализата на финансиските извештаи и помош на студентите во полесно совладување на наставната содржина, како и помош во нивната идна практична работа.

Согласно со горенаведените констатации, а врз основа на детално анализирање на содржината на ракописот, го даваме следното

**М И С Л Е Њ Е**

Учебното помагало „АНАЛИЗА НА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ – ПРАКТИКУМ“ од доц. д-р Оливера Ѓоргиева - Трајковска и м-р Благица Јованова претставува сеопфатна целина на материјата поврзана со анализа на основните финансиски извештаи кои задолжително ги составува и презентира секој деловен субјект. Авторите направиле успешна комбинација на теоретскиот и практичен аспект на проблематиката, со цел да ја доближат предметната материја до студентите и да им помогнат да научат како оваа анализа да ја применуваат во практичната работа. Се надеваме дека на овој начин, преку изучување на оваа проблематика, студентите ќе стекнат соодветни знаења кои понатаму ќе можат да ги применат како во изучувањето на останатите предметни дисциплини, така и во нивната понатамошна професионална работа. На останатите заинтересирани лица, кои практично ја применуваат анализата на финансиските извештаи во секојдневната работа, овој материјал ќе им помогне за полесно разбирање и имплементација на принципите, методите и техниките обработени во неа. Од оваа причина, препорачуваме практикумот да биде објавен.

**Врз основа на изнесеното, имаме особена чест на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Штип да му предложиме учебното помагало (практикум) со наслов „Анализа на финансиски извештаи - практикум” од доц. д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска и м-р Благица Колева да го одобри за издавање.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Доц. д-р Јанка Димитрова, с.р.**
**Доц. д-р Александар Костадиновски, с.р.**